Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............ 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука бр. 2502-112/7 од 19.11.2009 год. за распишување на Конкурс за избор на асистент (специјалист) за научната област ***ортопедски болести*** на Факултетот за медицински науки во Штип. На 16.12.2009 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-118/36 и Решение бр. 2502-118/62 (председател), 2502-118/63 (член), 2502-118/64 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент (специјалист) за научната област - *ортопедски болести* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во следниов состав:

1. д-р Глигор Џолев, редовен професор по предметот Ортопедија во пензија - претседател;
2. д-р Ѓорги Зафировски, редовен професор по предметот Ортопедија, во пензија, член,
3. д-р Александар Николиќ, доцент вработен во Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори" - Скопје, член.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен на 25.11.2009 година, за избор на асистент (специјалист) за научната област ***ортопедски болести*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријавија двајца кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Зоран Шишков** е роден на 22 октомври 1959 година во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во Штип. Медицински факултет завршува во Скопје, во 1986 година, од кога работи во ЈЗУ Општа болница- Штип. Специјалистички студии завршува во 1993 година, во Скопје.

Кандидатот има неколку стручни усовршувања од областа на вертебралната хирургија во траење од 1 месец во Ортопедската болница *Бањица* во Белград (1995 г.) и од областа на артроскопија на колено во траење од 1 месец (1996 г.). Кандидатот завршува неколку стручни школи од областа на ортопедија: Школа за артроскопија - Скопје (1996 г.), Школа за артроскопија на колк, скоков зглоб, рамо и шака - Љубљана (2002 г.), Школа за ехо дијагностика - Охрид (2004 г.).

Учесник е на голем број интернационални симпозиуми од областа на ортопедијата.

**Научни трудови**

1. Претрохантерни скршеници и нивно оперативно згрижување.
2. Третман на скршеници кај болни на хроничен програм и третман на хемодијализа.
3. Епидемиолошки податоци за спинална болка во ортопедската патологија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Сашо Младеновски** е роден на 23 декември 1968 година во Скопје. Основно и средно (медицинско, отсек забен техничар) образование завршува во Скопје. Завршува Медицински факултет во Скопје, во 1995 год,, со среден просек 9,21. По

завршувањето на факултетот и на приправничкиот стаж, од 1995 до 1997 година волонтира во Воената болница во Скопје. Од 1997 до 2000 година работи како општ лекар во Воздухопловната база на АРМ – Петровец, во стационарот и воздухопловниот сквадрон, а истовремено е и основач на првиот тим за барање, спасување и аеромедицинска евакуација. Од 2000 до 2004 година специјализира на Клиниката за ортопедија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Од 2004 до 2009 година работи како специјалист на Одделението за ортопедија и трауматологија во Воена болница - Скопје. Во 2009 година се вработува во Специјалната болница за хируршки болести „Филип Втори" - Скопје.

***Професионални активности на кандидатот***

1. Во 2009 година работи како специјалист ортопед во Специјалната болница за хируршки болести „Филип Втори".
2. Од 2000 до 2009 година работи во Воена болница - Скопје, на Одделението за ортопедија и трауматологија.
3. Од 2000 до 2004 година специјализира ортопедија на Клиниката за ортопедија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
4. Од 2003 година е запишан на постдипломски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
5. Во 1997 година е запишан на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" - Скопје, Санитетска служба.
6. Од 1989 до 1995 з година авршува Медицински факултет во Скопје.

Кандидатот е член на Лекарската комора на Р. Македонија и Македонското лекарско друштво. Учествува на меѓународни конгреси, континуирано се едуцира на семинари, предавања и стручни усовршувања од областа на ортопедијата. Успешно ги владее англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатите д-р Зоран Шишков и д-р Сашо Младеновски ги исполнуваат сите законски критериуми за избор во асистент (специјалист) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатите д-р Зоран Шишков и д-р Сашо Младеновски да се изберат во асистенти (специјалисти) за научната област *ортопедски болести* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Глигор Џолев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорги Зафировски, член, с.р.**
**Доц. д-р Александар Николиќ, член, с.р.**

**Прилог 1**

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на д-р Зоран Шишков**

| **Вид на активност** | | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| | | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| 5. | Секциско предавање на научен собир во странство | | | |
| 6. | Одржано предавање по покана на научна институција во странство | | | |
| 7. | Учество на научен собир со реферат – усно предавање во Македонија | 1 | 1,5 | 1,5 |
| 8. | Учество на научен собир со реферат – усно предавање во странство | | | |
| 9. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 21 | 1 | 21 |
| 10. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 1 | 1,5 | 1,5 |
| | Студиски престој во странство | 2 | | |
| | **Вкупно** | | | **25** |

**Прилог 2**

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на д-р Сашо Младеновски**

| **Вид на активност** | | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| | | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 2 | 1 | 2 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 20 | 1 | 20 |
| 3. | Учество на научен собир со реферат – постер во странство | 3 | 1,5 | 3 |
| 4. | **Вкупно** | | | **25** |